# ГЛОБАЛНО ВОДСТВО, СОСЕДСТВО И ОДНОСИ СО БУГАРИЈА



САШО КЛЕКОВСКИ

ДЕКЕМВРИ, 2013 ГОДИНА

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС

Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автор**
Сашо Клековски

**Подготовка и корица**
МЦМС: Даниела Стојанова, Борис Ристовски

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4681-16-8

декември 2013 г.

**Контакт**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
**ИДСЦС** – адреса: ул. „Крагуевачка“ бр. 2, 1000 Скопје;
Тел. +389/2/ 3094-760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; Веб-страница: http://www.idscs.org.mk/;
Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на МЦМС или ИДСЦС.

**МЦМС/ИДСЦС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 3

ВОВЕД ..... 4

1. ГЛОБАЛНО ВОДСТВО ..... 5

Заклучоци ..... 8

2. ОДНОСИ СО СОСЕДИТЕ ..... 9

Заклучоци ..... 17

3. ОДНОСИ СО БУГАРИЈА ..... 18

Заклучоци ..... 25

ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Структура на примерокот - население ..... 27

Прилог 2. Структура на примерокот – јавни и информирани личности ..... 27

Профили на издавачите ..... 28

Белешка за авторот ..... 28

Продолжи со читање ..... 28

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС) за прв пат го спроведоа истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“, кое треба да послужи за информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

Истражувањето се состоеше од испитување на јавното мислење, „он-лајн“ анкета со јавни и информирани личности и преглед на литература. Испитувањето на јавното мислење е направено со теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г. на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници со +/- 3 % грешка. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и нејзината методолошка исправност. Анкетата со јавни и информирани личности е спроведена „он-лајн“ со 15 личности. Автор на истражувањето е Сашо Клековски.

Истражувањето има три дела: глобално водство, односи со соседите и односите со Бугарија.

Граѓаните, од аспект на глобална политика, најдобро мислење имаат за Германија и САД, а потоа за Швајцарија, Турција и Албанија. Петте најпријателски земји на Македонија се Турција, Србија, САД, Германија и Албанија. Кина е шеста, Русија е на деветто место. Меѓу првите 15 земји се сите соседи на Македонија. Петте најдобри сојузници на Македонија се Турција, Србија, САД, Германија и Словенија. Мнозинството граѓани за земја за кои постои најдобро мислење и најдобри сојузници се одлучиле за земји членки на НАТО, што ја потврдува евроатлантската ориентација.

Односите со соседите се важни за Македонија, според големо мнозинство на граѓаните. Граѓаните ги оценуваат сегашните односи со соседите со 0,11 на скала од -5 до 5. Од петте соседи, граѓаните ја перципираат Србија како најпријателски сосед, по која следи Албанија, додека најнепријателски сосед е Грција, а секој петти граѓанин мисли дека ниту еден сосед не е најпријателски за Македонија. Ставовите за Србија и Албанија како најпријателски сосед се разликуваат меѓу етничките Македонци и Албанци. Прашани посебно за секој сосед, граѓаните на Македонија ги имаат следните перцепции за пријателското или неутрално однесување: Србија (87,1 %), Албанија (71,3 %), Косово (64,4 %), Бугарија (53,4 %) и Грција (7,95 %). Во последните пет години најмногу се подобрени односите, според перцепциите на граѓаните, со Србија и Албанија, а секој петти граѓанин смета дека не се подобрени односите со ниту еден сосед. Најдобри лични искуства, најмногу ја познаваат историјата и културата и најдобро мислење, етничките Македонци имаат за Србија, а етничките Албанци за Албанија. Најмногу граѓани сакаат еднакво добри односи со сите соседи, а потоа најблиски односи посакуваат со Србија и со Албанија.

Историјата (30 %) и нејзиното толкување (20,9 %), според граѓаните се најголема пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија, а потоа следат и националните политичари (12 %) поради нивни теснопартиски интереси. За јавните и информирани личности пречка е и лошата инфраструктурна поврзаност, а за етничките Албанци од значење се и културните разлики (21,5 %). Подобрување на односите/ соработката меѓу Македонија и Бугарија е важно за големо мнозинство граѓани. За да се подобрат односите меѓу Македонија и Бугарија граѓаните сметаат дека се најважни следните три работи: соработка во културата, забавата и спортот, подобрување на инфраструктурата и граничните премини и пристап до медиумите на двете држави. Постои ниска перцепција за заеднички историски личности. Граѓаните ги сметаат како македонски повеќето личности за кои Бугарија исто така смета дека се дел од нивното историско наследство, како Св. Кирил и Методиј, Св. Климент, Гоце Делчев, Јане Сандански итн. Повисока перцепција на заеднички личности имаат јавните и информирани личности, кои ги сметаат Св. Кирил и Методиј и Цар Самоил за заеднички. Големо мнозинство граѓани поддржува реципрочно решавање, со договорот за добрососедство, на прашањето за соодветните малцинствата во Македонија и македонското во Бугарија. Постигнувањето договор за добрососедство е од голема важност за граѓаните и посакуваат тој брзо да се постигне, но сепак очекуваат дека тоа ќе се случи на среден рок. Големо мнозинство од граѓаните на Македонија очекуваат Бугарија да ја поддржи Македонија во натамошните интеграции во ЕУ.

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“, спроведено за прв пат од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС).

Истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“, како и други истражувања на МЦМС и ИДСЦС, претходни и кои следуваат, треба да послужат во информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИСТАП

Истражувањето се состоеше од испитување на јавното мислење, „он-лајн“ анкета со јавни и информирани личности и преглед на литература.

Испитувањето на јавното мислење е спроведено со теренска анкета во домаќинствата во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г. на национален репрезентативен примерок. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

За одредени прашања беше направена и „он-лајн“ анкета со нерепрезентативен примерок од 15 јавни и информирани личности (ЈИЛ) во Република Македонија.

### Прашалник и примерок

Прашалникот беше подготвен од страна на работна група составена од МЦМС, ИДСЦС и авторот, а се состоеше од три групи прашања:

- Глобално водство;
- Односи со соседните земји; и
- Односи со Бугарија.

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

### Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# 1. ГЛОБАЛНО ВОДСТВО

Ставовите на граѓаните за глобалното водство (најдобро мислење за земја од гледна точка на глобална политика), како и за најпријателска земја за Македонија и најдобар сојузник на Македонија се показател за стратешката ориентација на Македонија.

Граѓаните, од аспект на глобална политика, најдобро мислење имаат за Германија (14,5 %) и за САД (11,2 %), а потоа за Швајцарија, за Турција, за Албанија и за Србија. До десеттото место следуваат Шведска, Австралија, Русија и Словенија. Немаат добро мислење за ниту една земја 7,1 % од граѓаните.

**Графикон 1.1. Најдобро мислење за земја од светот од аспект на глобалната политика**




Збирот на земји, за кои постои најдобро мислење и кои се членки на НАТО изнесува 56,5 %, а на земјите кои не се членки 24,5 %, додека збирот не знаат, без одговор и ниту една сочинува 19 %. Во табелата 1.1. се ставовите по етничка припадност и по партиско симпатизерство.

**Табела 1.1. Најдобро мислење за земја од аспект на глобалната политика по етничка припадност и по партиско симпатизерство**

| % | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. **Германија** | 16,2 | 10,9 | 17 | 16,5 | 14,5 |
| **2. САД** | 9,9 | 15,6 | 8,7 | 11,5 | 11,2 |
| **3. Швајцарија** | 8,2 | 12,8 | 7,8 | 9,6 | 9,7 |
| **4. Турција** | 5,4 | 8,6 | 3,5 | 9,8 | 6,9 |
| **5. Албанија** | 0,2 | 16,0 | 1,3 | 0,6 | 4,5 |
| **6. Србија** | 4,9 | 1,2 | 3,9 | 3,8 | 4,1 |
| **7. Шведска** | 5,2 | 0,4 | 4,3 | 5,7 | 4,0 |
| **8. Австралија** | 4,5 | 0,8 | 7,4 | 1,9 | 3,6 |
| **9. Русија** | 4,1 | 1,2 | 4,8 | 3,8 | 3,5 |
| **10. Словенија** | 2,5 | 0,8 | 3,9 | 0,6 | 2,1 |
| **Ниту една** | 8,5 | 3,9 | 9,1 | 10,2 | 7,1 |

Ставовите на граѓаните за најдобра земја се релативно хомогени по основ на етничка припадност и партиско симпатизерство, посебно за првите четири земји. За другите земји, посебно за Албанија, но и за Шведска и за Австралија постојат разлики по етничка основа.

Додека граѓаните, од аспект на глобалната политика, најголема доверба имаат во Германија и во САД, кога станува збор за земја во светот која е најпријателски наклонета кон Македонија, тие го делат третото и четвртото место, а на првите две места се Турција (16 %) и Србија (12,2 %). На петто место е Албанија. Кина е шеста, Русија е на деветтото место. Меѓу првите 15 земји се сите соседи на Македонија. Покрај Србија, меѓу најпријателските земји од поранешна Југославија се Словенија (7 место), Косово (10 место) и Хрватска (12 место).

**Графикон 1.2. Најпријателска земја за Македонија**




Дека ниту една земја е најпријателски наклонета кон Македонија е став на 15,6 % од граѓаните, а не знаат 12,4 % од граѓаните, односно вкупно 28 % или секој четврти граѓанин не знае или смета дека нема ниту една најпријателска земја.

Ставовите на граѓаните за најдобра земја се релативно хомогени по основ на етничка припадност и партиско симпатизерство, со исклучок на Албанија, за која постојат разлики во ставовите по етничка линија.

**Табела 1.2. Најпријателска земја по етничка припадност и партиско симпатизерство**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Турција** | 15,2 | 11,7 | 14,8 | 22,9 | 16,0 |
| **Србија** | 13,7 | 8,6 | 16,5 | 8,9 | 12,2 |
| **САД** | 8,4 | 9,4 | 8,3 | 7,6 | 8,2 |
| **Германија** | 9,6 | 5,9 | 10,0 | 7,6 | 8,2 |
| **Албанија** | 0,3 | 21,5 | 0,4 | 0,6 | 5,8 |
| **Ниту една** | 20,3 | 10,1 | 21,7 | 18,5 | 15,6 |

**Рамка 1. Најпријателски земји според наодите во Балкан монитор, Галуп, 2011 година**

Ставовите на граѓаните за најпријателски земји се потврдени и во други истражувања. Во Балкан монитор (Галуп, 2011), 79,6 % од граѓаните од Македонија сметаат дека Турција е пријателска кон Македонија, што е втор највисок резултат во Западен Балкан, по Косово (92,7 %), а повисок од другите земји. Во истото истражување, САД за пријателски ги сметаат 57 % од граѓаните на Македонија, што е трет највисок резултат во Западен Балкан, по Албанија и по Косово, а повисок од другите земји, како Хрватска (49,9 %), Црна Гора (30,1 %) или Србија (5,9 %). Германија за пријателска ја сметаат 50,5 % од граѓаните на Македонија, што е повисок резултат од тој за Црна Гора (31,9 %) или за Србија (16,3 %).

Турција (14,6 %) е најдобар сојузник на Македонија, по која следуваат Србија (11,6 %), САД (10,9 %), Германија (5,8 %) и Словенија (3,7 %). Дека ниту една земја не е најдобар сојузник на Македонија сметаат 17 % граѓани, а 18,1 % не знаат.

**Графикон 1.3. Најдобар сојузник на Македонија**




Збирот на земји, најдобар сојузник на Македонија, кои се членки на НАТО, изнесува 42,3 %, а на земјите кои не се членки 18,9 % (најзначајно е учеството на Србија – 11,6 %), додека збирот не знаат, без одговор и ниту една сочинува 38,8 %.

По непримањето на Македонија во НАТО во 2008 година, властите во Македонија промовираа политика на стратешко партнерство со САД, со Турција и со Израел. Според перцепциите на граѓаните, САД и Турција се меѓу најдобрите сојузници на Македонија.

**Табела 1.3. Најдобар сојузник на Македонија по етничка припадност и партиско симпатизерство**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Турција** | 14,5 | 13,7 | 10,9 | 21,0 | 14,6 |
| **Србија** | 12,7 | 7,0 | 14,3 | 10,2 | 11,6 |
| **САД** | 11,0 | 11,3 | 10,4 | 11,5 | 10,9 |
| **Германија** | 5,8 | 5,8 | 6,1 | 3,8 | 5,8 |
| **Словенија** | 5,1 | 0,4 | 4,8 | 3,8 | 3,7 |
| **Ниту една** | 20,3 | 10,2 | 21,7 | 18,5 | 17,0 |

# Заклучоци

## 1. Најдобро мислење за Германија и САД од аспект на глобална политика

Граѓаните, од аспект на глобалната политика, најдобро мислење имаат за Германија (14,5 %) и САД (11,2 %), а потоа за Швајцарија, за Турција, за Албанија и за Србија. До десеттото место следуваат Шведска, Австралија, Русија и Словенија. Немаат добро мислење за ниту една земја 7,1 % од граѓаните. Ставовите на граѓаните за најдобра земја се релативно хомогени по основ на етничка припадност и партиско симпатизерство, посебно за првите четири земји. За другите земји, посебно за Албанија, но и за Шведска и за Австралија постојат разлики по етничка основа.

## 2. Турција, Србија, САД, Германија на врвот на најпријателските земји и најдобрите сојузници на Македонија, Албанија петта најпријателска земја, а Словенија петти најдобар сојузник

Турција, Србија, САД, Германија и Албанија се петте најпријателски земји на Македонија. Кина е шеста, Русија е на деветтото место. Меѓу првите 15 земји се сите соседи на Македонија.

Турција, Србија, САД, Германија и Словенија се петте најдобри сојузници на Македонија.

## 3. Евроатлантската ориентација на граѓаните и перцепцијата на земји членки на НАТО за најдобри сојузници на Македонија

Покрај тоа што граѓаните имаат најдобро мислење за Германија и за САД, збирот на земјите за кои постои најдобро мислење, а кои се членки на НАТО, изнесува 56,5 %, наспроти 24,5 % за земјите кои не се членки, а односот е 2,3.

Земјите членки на НАТО се перципирани и како најдобри сојузници на Македонија, при што збирот изнесува 42,3 %, наспроти 18,9 % на земјите кои не се членки, а односот е 2,2.

## 4. Постои одреден национален консензус за глобалното водство и сојузништвото

Ставовите на граѓаните за најдобра земја, како и за најпријателска земја и за најдобар сојузник на Македонија се релативно хомогени по основ на етничка припадност и партиско симпатизерство. Така, на пример, 11 % етнички Македонци и 11,3 % етнички Албанци, како и 10,4 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и 11,5 % од тие на СДСМ, ги сметаат САД за најдобар сојузник на Македонија.

Разликите по етничка припадност и партиско симпатизерство не се значајни, можеби со исклучок на ставовите за Албанија, за која постојат разлики во ставовите по етничка линија меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

Уште една разлика по етничка припадност заслужува внимание, а тоа разликата во ставот дека ниту една земја не е најпријателска земја и најдобар сојузник на Македонија, при што околу 20 % од етничките Македонци имаат таков став, наспроти околу 10 % од етничките Албанци.

# 2. ОДНОСИ СО СОСЕДИТЕ

Добрососедството, односно односите со соседите е прашање од високо општествено значење. Истражувани се ставовите на граѓаните за важноста на односите со соседите, оценката на односите, перцепцијата на најпријателски и најнепријателски сосед, поединечните перцепции за соседите (Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Србија), подобрување на односите, најдобро лично искуство, познавање на историјата и културата на соседите и споделување на истата, најмногу предрасуди и со кој сосед се посакуваат најблиски односи.

Во графиконот 2.1. се прикажани ставовите на граѓаните за важноста на добрососедските односи. Добрососедските односи се важни за 93,2 % од граѓаните (многу важни за 64,1 %), а не се важни за 5 % од граѓаните.

**Графикон 2.1. Важноста на добрососедските односи**




Ставовите за важноста на добрососедските односи се хомогени по етничка припадност и по партиско симпатизерство.

Добрососедските односи се важни за 100 % од анкетираните јавни и информирани личности (ЈИЛ).

**Табела 2.1. Важноста на добрососедските односи по етничка припадност и по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Важни се** | 94,0 | 91,8 | 95,2 | 93,6 | **93,2** | 100 |
| **Не се важни** | 4,2 | 7,0 | 3,9 | 5,7 | **5,0** | 0 |

Во графиконот 2.2. се претставени оценките на граѓаните за сегашните односи со соседите на скала од -5 до +5. Средната вредност е 0,11.

**Графикон 2.2. Оценка на сегашните односи со соседите**



Етничките Македонци имаат попозитивна оценка (0,15) од етничките Албанци (-0,4).

**Табела 2.2. Оценка на сегашните односи со соседите по етничка припадност и по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средна оценка** | 0,2 | - 0,4 | 0,2 | 0,6 | **0,1** | -1,6 |

Попозитивна оценка, 0,70, имаат граѓаните од највисоките општествени слоеви. Попозитивни оценки имаат и граѓаните од урбаните средини (0,20), жителите на југоисточниот (струмички) регион (1,42) и на вардарскиот регион (1,96). Понегативни оценки имаат жителите на пелагонискиот регион (-0,62) и на југозападниот (езерскиот) регион (-0,59).

Граѓаните за најпријателски сосед ја перципираат Србија (42,5 %), по која следуваат Албанија (18,5 %) и Косово (5,4 %). Ниту еден сосед не го сметаат за најпријателски 22,8 % од граѓаните.

**Графикон 2.3. Најпријателски сосед на Македонија**




Ставовите за најпријателски сосед се разликуваат по етничка припадност, но не и по партиско симпатизерство. Етничките Македонци за најпријателски сосед ја доживуваат Србија (54,3 %), додека етничките Албанци за најпријателски сосед ја доживуваат Албанија (56,3 %).

Партиските симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ имаат слични ставови, на пример за најпријателски сосед ја доживуваат Бугарија 5,7 % од симпатизерите на двете партии.

**Табела 2.3. Најпријателски сосед на Македонија по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 54,3 | 14,5 | 56,1 | 50,3 | 42,5 | 40 |
| **Албанија** | 3,3 | 56,3 | 5,2 | 8,3 | 18,5 | 7 |
| **Косово** | 1,9 | 14,8 | 2,6 | 1,3 | 5,4 | 7 |
| **Бугарија** | 4,2 | 1,6 | 5,7 | 5,7 | 3,3 | 20 |
| **Грција** | - | - | - | - | 0,5 | 7 |
| **Ниту еден** | 29,4 | 6,6 | 23,5 | 26,1 | 22,8 | 20 |

Постојат одредени разлики меѓу одредени општествени групи, на пример млади, возрасни, или пак различни региони, кои се пред сè одраз на различната етничка структура.

**Графикон 2.4. Најнепријателски сосед на Македонија**




Додека во перцепцијата на најпријателски сосед постоеја разлики по етничка основа, во однос на ставот за најнепријателски сосед постои консензус дека тоа е Грција (81,2 %). Ставовите се хомогени по етничка припадност и по партиско симпатизерство.

**Табела 2.4. Најнепријателски сосед на Македонија по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Грција** | 83,1 | 78,5 | 87,8 | 80,3 | 81,2 | 73 |
| **Бугарија** | 4,2 | 10,9 | 4,3 | 3,2 | 6,1 | 7 |
| **Албанија** | 3,4 | 1,6 | 1,7 | 5,7 | 3,0 | 0 |
| **Косово** | 3,1 | 0,0 | 2,6 | 3,8 | 2,5 | 0 |
| **Србија** | 0,3 | 3,9 | 0,0 | 1,9 | 1,2 | 7 |
| **Ниту еден** | 1,9 | 0,8 | 0,9 | 1,9 | 1,5 | 7 |

Граѓаните на Македонија според пријателското однесување (вклучувајќи и неутрално) ги рангираат соседите од пријателска кон непријателска по следниот редослед: Србија (87,1 %), Албанија (71,3 %), Косово (64,4 %), Бугарија (53,4 %) и Грција (7,95 %).

**Табела 2.5. Ставови за соседните земји (%)**

| Земја | Пријателски | Неутрални | Непријателски | Не знам/ без одг. |
|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 57,4 | 29,7 | 9,2 | 3,7 |
| **Албанија** | 35,0 | 36,3 | 25,1 | 3,6 |
| **Косово** | 22,1 | 42,3 | 31,1 | 4,5 |
| **Бугарија** | 11,6 | 41,8 | 43,4 | 3,2 |
| **Грција** | 0,6 | 7,3 | 89,9 | 2,2 |

Не постојат позначајни разлики во ставовите за пријателството на соседите по етничка припадност и по партиско симпатизерство. Перцепциите за Србија, за Бугарија и за Грција се етнички хомогени. За Албанија и за Косово, мнозинството од етничките Македонци сметаат дека се пријателски или неутрални.

**Табела 2.6. Ставови за соседните земји – збир на пријателски и неутрални, по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 89,7 | 82,0 | 90,0 | 93,6 | 87,1 | 73 |
| **Албанија** | 62,4 | 95,3 | 60,0 | 67,5 | 71,3 | 100 |
| **Косово** | 53,3 | 93,4 | 50,9 | 61,1 | 64,4 | 80 |
| **Бугарија** | 52,8 | 52,0 | 48,7 | 60,5 | 53,4 | 60 |
| **Грција** | 6,7 | 7,8 | 3,5 | 10,2 | 7,9 | 7 |

**Графикон 2.5. Подобрени односи со соседна земја последните пет години**




Во графиконот се претставени ставовите на граѓаните за соседна земја со која се подобрени односите во изминатите пет години. На врвот се Србија (20,6 %) и Албанија (19,6 %), по што следува Косово (16,7 %). 21,7 % од граѓаните сметаат дека не се подобрени односите ниту со еден сосед.

За подобрувањето на односите со Србија постојат различни перцепции помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци, а нема разлики меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

**Табела 2.7. Подобрени односи со соседна земја последните пет години по етничка припадност, по партиско симпатизерство (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 27,3 | 4,3 | 27,4 | 23,6 | 20,6 | 7 |
| **Албанија** | 12,7 | 34,8 | 15,2 | 18,5 | 19,6 | 47 |
| **Косово** | 11,9 | 30,5 | 13,5 | 14,6 | 16,7 | 20 |
| **Бугарија** | 9,0 | 2,3 | 7,4 | 8,3 | 6,6 | 0 |
| **Ниту една** | 24,5 | 12,5 | 21,3 | 22,3 | 21,7 | 20 |

Во перцепцијата за подобрени односи со Албанија и со Косово, учествуваат и етничките Македонци, и 12,7 % сметаат дека се подобрени односите со Албанија, а 11,9 % со Косово. За споредба, 9 % од граѓаните етнички Македонци сметаат дека се подобрени односите со Бугарија. Меѓу етничките Македонци значаен е ставот (24,5 %) дека со ниту еден сосед не се подобрени односите.

**Графикон 2.6. Најдобри лични искуства**




Граѓаните на Македонија имаат најдобри лични искуства со Србија (36,4 %), по што следуваат Албанија (14,8 %), Косово (11 %) и Бугарија (10,9 %). Со ниту еден сосед немаат најдобри лични искуства 14,8 % од граѓаните.

Треба да се забележи дека граѓаните имаат разлики во ставовите за најпријателска земја и за најдобри лични искуства. На пример, Бугарија како најпријателска земја ја перципираат 3,3 % од граѓаните, додека најдобри лични искуства имаат 10,9 % од граѓаните и 15,1 % од етничките Македонци. Таквата разлика укажува на различно доживување на политиката (најпријателски сосед) од секојдневните комуникации (најдобри лични искуства).

Не постојат разлики по партиско симпатизерство меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, но има разлики во најдобрите лични искуства по етничка припадност. Додека етничките Македонци имаат најдобри лични искуства со Србија (52 %), со Бугарија (15,1 %) и со Грција (6,2 %), етничките Албанци најдобри лични искуства имаат со Албанија (44,3 %) и со Косово (34,3 %).

**Табела 2.8. Најдобри лични искуства по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 52 | 2,7 | 49,8 | 54,9 | 36,4 | 33 |
| **Албанија** | 1,9 | 44,3 | 3,2 | 4,3 | 14,8 | 7 |
| **Косово** | 0,9 | 34,3 | 0,8 | 0,5 | 11 | 7 |
| **Бугарија** | 15,1 | 2,7 | 17,1 | 13,6 | 10,9 | 27 |
| **Грција** | 6,2 | 0,9 | 7,6 | 7,6 | 4,8 | 7 |
| **Нити една** | 17,2 | 7,5 | 14,3 | 13,0 | 14,8 | 0 |

Граѓаните најдобро ја познаваат историјата и културата на Србија (38,1 %), а најмалку на Грција (4,7 %), додека на ниту еден сосед 20,9 %.

**Графикон 2.7. Соседна земја, чија историја и култура најдобро се познава**




Етничките Македонци најдобро ја познаваат историјата и културата на Србија (51,9 %), а етничките Албанци таа на Албанија (64,8 %).

**Табела 2.9. Соседна земја, чија историја и култура најдобро се познава по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 51,9 | 2,3 | 49,6 | 54,8 | 38,1 | 53 |
| **Албанија** | 0,4 | 64,8 | 2,6 | 1,3 | 17,7 | 0 |
| **Бугарија** | 9,7 | 0,8 | 11,7 | 8,9 | 7,3 | 13 |
| **Косово** | 0,1 | 18,8 | 0,0 | 0,0 | 5,2 | 20 |
| **Грција** | 5,7 | 2,0 | 7,0 | 6,4 | 4,7 | 13 |
| **Нити една** | 25,7 | 8,6 | 24,3 | 21,7 | 20,9 | 0 |

Споделувањата на заедничка историја и култура е показател за односите со соседите. Граѓаните се поделени во ставот дали сите земји во регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура, односно 44 % се согласуваат (вкл. и целосно), додека 47,4 % не се согласуваат (вкл. и воопшто). Од интерес е дека граѓаните кои воопшто не се согласуваат со споделувањето на заедничка историја и култура се повеќе од граѓаните кои целосно се согласуваат.

**Графикон 2.8. Согласност дека сите земји од регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура**




Мнозинството етнички Македонци (50,1 %) не се согласуваат (вкл. и воопшто) дека земјите во регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура. Од друга страна, 86 % од јавните и информирани личности се согласуваат (вкл. и целосно) дека земјите во регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура.

**Табела 2.10. Согласност дека сите земји од регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура, по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 8,4 | 22,7 | 8,3 | 6,4 | 11,6 | 33 |
| **Се согласувам** | 34,6 | 23,8 | 33,9 | 32,5 | 32,4 | 53 |
| **Делумно не се согласувам** | 30,4 | 25,4 | 33,9 | 31,2 | 28,3 | 13 |
| **Воопшто не се согласувам** | 19,7 | 17,6 | 16,5 | 21,0 | 19,1 | 0 |

За ниту еден сосед нема предрасуди и недоверба е ставот на 7 % граѓани, а граѓаните сметаат дека најмногу предрасуди и недоверба (52,9 %) има за Грција - земјата за која сметаат дека е најнепријателска кон Македонија и чија историја и култура најмалку ја познаваат.

**Графикон 2.9. Сосед за кој постојат најмногу предрасуди и недоверба**



Ставот дека постои недоверба и предрасуди кон Грција е споделен и од етничките Македонци и од етничките Албанци. Постојат помали етнички разлики за недовербата и предрасудите кон Албанија, на една страна, и Бугарија и Србија, на друга страна. Од друга страна, јавните и информирани личности сметаат дека најголема недоверба и предрасуди има кон Косово.

**Табела 2.11. Сосед за кој постојат најмногу предрасуди и недоверба по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Грција** | 55,4 | 45,3 | 60,4 | 50,3 | 52,9 | 27 |
| **Албанија** | 12,8 | 5,1 | 12,6 | 16,6 | 10,6 | 7 |
| **Бугарија** | 7,0 | 19,1 | 7,4 | 5,1 | 10,3 | 7 |
| **Косово** | 9,6 | 7,0 | 8,7 | 7,6 | 8,6 | 47 |
| **Србија** | 1,6 | 7,4 | 1,7 | 1,9 | 3,1 | 0 |
| **Ниту една** | 6,4 | 9,0 | 3,5 | 9,6 | 7,0 | 7 |

Најдобро мислење граѓаните на Македонија имаат за Србија 45,8 %, а за ниту еден сосед 17 %.

**Графикон 2.10. Соседна земја за која македонските граѓани имаат најдобро мислење**




Етничките Македонци и етничките Албанци со најдобро мислење за различни земји, првите за Србија (63,7 %), а вторите за Албанија (71,9 %).

**Табела 2.12. Најдобро мислење за соседна земја по етничка припадност, по партиско симпатизерство и за ЈИЛ (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | 63,7 | 2,7 | 65,2 | 61,8 | 45,8 | 33 |
| **Албанија** | 1,0 | 71,9 | 3,0 | 5,1 | 20,7 | 7 |
| **Косово** | 0,4 | 18,8 | 1,7 | 0,6 | 5,5 | 13 |
| **Бугарија** | 5,2 | 0,0 | 6,5 | 4,5 | 3,7 | 13 |
| **Грција** | - | - | - | - | 0,3 | 7 |
| **Ниту еден** | 22,5 | 2,3 | 20,4 | 17,2 | 17,0 | 20 |

Секој петти етнички Македонец (22,5 %), како и секоја петта јавна и информирана личност немаат најдобро мислење за ниту еден сосед на Македонија.

Во перспективен поглед на односите со соседите, најмногу граѓани (39,3 %) сакаат еднакво добри односи со сите соседи, потоа најблиски односи со Србија посакуваат 19,6 %, а најмалку со Грција (6,7 %).

**Графикон 2.11. Соседни земји со кои би сакале најблиски односи**




Меѓу етничките Македонци скоро подеднакво многу граѓани посакуваат еднакво добри односи со сите соседи, односно најблиски односи со одредена земја. Од тие што се за најблиски односи со одредена земја, најмногу посакуваат тоа да биде со Србија (27,1 %), а најмалку со Косово (0,7 %). Не постојат разлики меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

**Табела 2.13. Соседни земји со кои би сакале најблиски односи по етничка припадност, по партиско симпатизерство (%)**

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Со сите соседи** | 46,4 | 25,4 | 45,1 | 45,9 | 39,3 |
| **Србија** | 27,1 | 2,3 | 24,8 | 25,7 | 19,6 |
| **Албанија** | 2,1 | 37 | 3,8 | 4,9 | 12,8 |
| **Бугарија** | 11,1 | 3,7 | 11,3 | 10,9 | 8,9 |
| **Косово** | 0,7 | 26,6 | 1,1 | 1,1 | 8,4 |
| **Грција** | 7,7 | 3,7 | 9,8 | 7,1 | 6,7 |
| **Ниту една** | 2,1 | 0,3 | 1,9 | 0,5 | 1,7 |

# Заклучоци

### Односите со соседите важни, а оценката е позитивна нула

Односите со соседите се важни за Македонија, е став на големо мнозинство на граѓаните. Граѓаните ги оценуваат сегашните односи со соседите како позитивна нула, односно 0,11 на скала од -5 до 5. Односите ги оценуваат попозитивно етничките Македонци, а понегативно етничките Албанци и јавните и информирани личности.

### Србија најпријателски сосед, Грција најнепријателски сосед, секој петти граѓанин мисли дека ниту еден сосед не е најпријателски

Граѓаните за најпријателски сосед ја перципираат Србија (42,5 %), по која следуваат Албанија (18,5 %) и Косово (5,4 %). Секој петти граѓанин (22,8 %) мисли дека ниту еден сосед не е најпријателски. Ставовите за Србија и за Албанија како најпријателски сосед се разликуваат меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

Големо мнозинство граѓани (81,2 %), без разлика на етничката припадност и партиското симпатизерство, ја смета Грција за најнепријателски сосед.

Граѓаните на Македонија според пријателското однесување (вклучувајќи и неутрално) ги рангираат секој од соседите од пријателска кон непријателска по следниот редослед: Србија (87,1 %), Албанија (71,3 %), Косово (64,4 %), Бугарија (53,4 %) и Грција (7,95 %).

### Во последните пет години односите подобрени со Србија, со Албанија и со Косово, секој петти граѓанин мисли со ниту еден сосед

Во последните пет години најмногу се подобрени односите, според перцепциите на граѓаните, со Србија (20,6 %), со Албанија (19,6 %) и со Косово (16,7 %). Секој петти граѓанин (21,7 %) смета дека не се подобрени односите со ниту еден сосед.

### Најдобри лични искуства, најмногу ја познаваат историјата и културата и најдобро мислење: етничките Македонци - Србија, етничките Албанци - Албанија

Етничките Македонци имаат најдобри лични искуства со Србија (52 %), најмногу ја познаваат нејзината историја и култура (51,9 %) и за неа имаат најдобро мислење (63,7 %). Етничките Албанци имаат најдобри лични искуства со Албанија (44,3 %), најмногу ја познаваат нејзината историја и култура (64,8 %) и имаат најдобро мислење за неа (71,9 %). Скоро секој петти граѓанин смета дека со ниту еден сосед нема добри лични искуства (14,8 %) и дека на ниту една соседна земја не ја познава историјата и културата и нема добро мислење за ниту еден сосед (17 %).

Треба да се забележи дека граѓаните имаат разлики во ставовите за најпријателска земја и за најдобри лични искуства. На пример, Бугарија како најпријателска земја ја перципираат 3,3 % од граѓаните, додека најдобри лични искуства имаат 10,9 % од граѓаните и 15,1 % од етничките Македонци. Таквата разлика укажува на различно доживување на политиката (најпријателски сосед) од секојдневните комуникации (најдобри лични искуства).

### Најмногу граѓани сакаат еднакво добри односи со сите соседи

Најмногу граѓани (39,3 %) сакаат еднакво добри односи со сите соседи, а потоа најблиски односи со Србија посакуваат 19,6 %, со Албанија 12,8 % и со Бугарија 8,9 % а најмалку со Грција (6,7 %).

# 3. ОДНОСИ СО БУГАРИЈА

Во рамките на односите со соседите посебен фокус на истражувањето се односите со Бугарија, поради актуелноста на договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија. Истражувани се ставовите на граѓаните за пречките за поинтензивна соработка меѓу Бугарија и Македонија, важноста на подобрувањето на односите со Бугарија, потребните чекори за подобрување на меѓусебните односи, перцепциите за одредени видни личности, начин на решение на прашањето на малцинствата, договорот за добрососедство и поддршката од Бугарија за интеграциите во ЕУ.

Граѓаните како пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија, го перцепираат историското непријателство (30 %), (различното) толкувањето на историјата (во учебниците за историја, во образованието) (20,9 %) и националните политичари (поради нивни теснопартиски интереси) (12 %).

**Графикон 3.1. Пречки за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија**




АФИС, истражувачка куќа, спроведе истражување на јавното мислење во Бугарија во ноември 2013 година за Западен Балкан и ЕУ интеграциите и за односите со Македонија. Истражувањето во Бугарија и истражувањето во Македонија се направени во временскиот период ноември и декември 2013 година и со тоа се споредливи одредени ставови. Наодите од истражувањето во Бугарија се претставени во рамките 2 и 3.

**Рамка 2. Јавното мнение во Бугарија, АФИС, ноември 2013 година**

Во истражување на јавното мнение во Бугарија, спроведено од АФИС во ноември 2013 година, 73,6 % од граѓаните на Бугарија сметаат дека најголемите спорови меѓу Бугарија и Македонија се за историското наследство (за националноста на видни фигури и културни постигнувања од минатото). Во истото истражување 62,1 % од граѓаните на Бугарија сметаат дека нема доволно средби на раководствата на двете земји; 58,2 % дека во медиумите има негативен одраз на другата страна; 49,7 % дека има нарушени права на малцинствата; и 36,6 % дека меѓу двете земји има слаба патна инфраструктура. Бугарија прави доволно напори во недопуштање на негативна пропаганда едни против други во медиумите, учебниците, културата

сметаат 48,9 % од нејзините граѓани, дека не прави доволно сметаат 25 %, а не можат да проценат 26,2 % од граѓаните. Од друга страна дека Македонија прави доволно напори во недопуштање на негативна пропаганда сметаат 7,6 %, дека не прави доволно 64 % и не можат да проценат 28,3 % од граѓаните на Бугарија. 30,7 % од граѓаните на Бугарија сметаат дека меѓу двете земји нема територијални претензии, 32,2 % сметаат дека не е така (сметаат дека има територијални претензии) и 32,2 % не можат да проценат. Во истото истражување 60,2 % од граѓаните на Бугарија имаат позитивен став за граѓаните на Македонија, додека за властите во Македонија позитивен став имаат 17,4 %, негативен став 28,9 %, ниту позитивен ниту негативен став имаат 28,5 %, а без одговор се 25,3 %.

И за граѓаните на Македонија и на Бугарија разликите во и за историјата се најголема пречка во меѓусебните односи, а потоа следат националните политичари. Забележителен е ставот на секој трет граѓанин на Бугарија за постоење територијални претензии. Овој став не е истражуван во Македонија.

Јавните и информирани личности (табела 3.1.) како главна пречка го посочуваат толкувањето на историјата (47 %), националните политичари (20 %), лошата инфраструктурна поврзаност (20 %) и непријателски текстови во медиумите.

Перцепциите на граѓаните на Македонија не се разликуваат по етничка припадност и партиско симпатизерство, со исклучок на почестата перцепција меѓу етничките Албанци дека културните разлики (21,5 %) се пречка за поинтезивна соработка.

**Табела 3.1. Пречки за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Историско непријателство** | 29,7 | 29,3 | 35,2 | 30,6 | 30,0 | 0 |
| **Толкувањето на историјата** | 21,3 | 20,7 | 18,7 | 27,4 | 20,9 | 47 |
| **Национални политичари** | 13,9 | 8,6 | 10,9 | 12,7 | 12,0 | 20 |
| **Културни разлики** | 7,5 | 21,5 | 6,5 | 3,8 | 10,9 | 0 |
| **Мешање на земји од регион** | 10,1 | 9,8 | 10,4 | 8,3 | 9,5 | 0 |
| **Непријателски текстови во медиуми** | 4,0 | 1,6 | 3,5 | 3,2 | 3,5 | 7 |
| **Незаинтересираност на граѓаните од двете земји** | 2,8 | 0,4 | 4,3 | 1,3 | 2,2 | 0 |
| **Лоша инфраструктурна поврзаност** | 1,3 | 0,8 | 2,2 | 1,9 | 1,4 | 20 |
| **Не знам** | 7,5 | 4,3 | 7,0 | 5,7 | 6,8 | 7 |
| **Без одговор** | 1,8 | 3,1 | 1,3 | 5,1 | 2,8 | 0 |

За големо мнозинство граѓани (87,8 %) е важно да се подобрат односите/ соработката меѓу Македонија и Бугарија и за тоа не постојат разлики по етничка припадност и партиско симпатизерство. Подобрувањето на односите е важно за сите јавни и информирани личности.

**Табела 3.2. Колку е важно да се подобрат односите/соработката меѓу Македонија и Бугарија? (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Многу важно** | 37,0 | 46,9 | 39,6 | 36,9 | 39,1 | 73 |
| **Важно** | 51,8 | 38,3 | 53,0 | 51,6 | 48,7 | 27 |
| **Не толку важно** | 7,8 | 8,6 | 6,1 | 8,9 | 7,8 | 0 |
| **Воопшто не е важно** | 2,2 | 2,0 | 0,9 | 1,3 | 2,0 | 0 |
| **Не знам/ без одговор** | 1,2 | 4,3 | 0,4 | 1,3 | 2,4 | 0 |

За да се подобрат односите меѓу Македонија и Бугарија граѓаните сметаат дека е потребна соработка во културата, забавата и спортот (32,8 %), подобрување на инфраструктурата и граничните премини (18,5 %) и пристап до медиумите на двете држави (12,4 %), потоа заеднички

учебници по историја (10,6 %), прослава на заеднички настани и херои (6,5%), додека скоро секој петти граѓанин (19,2%) не знае или е без одговор.

**Графикон 3.4. Потребни работи за подобрување на односите меѓу Македонија и Бугарија, дури и ако е спротивно на желбите на некои или многу луѓе**




За јавните и информирани личности (ЈИЛ) две најважни работи се подобрување на инфраструктурата (33 %) и пристап до медиумите на двете држави (од едната држава во другата) (27 %).

Од работите што треба да бидат направени за пристап до медиумите на двете држави не постојат разлики по етничка припадност и партиско симпатизерство. Заеднички учебници за историја и прослава на заеднички настани и херои е поприфатливо за етничките Албанци отколку за етничките Македонци. Овие две мерки се прифатливи за еден од три етнички Албанци и за еден од десет етнички Македонци.

**Табела 3.4. Потребни работи за подобрување на односите меѓу Македонија и Бугарија, дури и ако е спротивно на желбите на некои или многу луѓе (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Соработка во култура, забава, спорт** | 37,3 | 23,0 | 38,7 | 33,1 | 32,8 | 13 |
| **Подобрување на инфраструктура и гранични премини** | 20,4 | 14,8 | 18,7 | 21,7 | 18,5 | 33 |
| **Пристап до медиумите на двете држави** | 11,3 | 13,3 | 13,0 | 14,6 | 12,4 | 27 |
| **Заеднички учебници за историја** | 7,0 | 18,8 | 9,1 | 8,9 | 10,6 | 13 |
| **Прослава на заеднички настани и херои** | 3,4 | 15,2 | 1,3 | 3,8 | 6,5 | 13 |
| **Не знам** | 15,8 | 10,5 | 15,2 | 12,1 | 14,5 | 0 |
| **Без одговор** | 4,6 | 4,3 | 3,9 | 5,7 | 4,7 | 0 |

Поаѓајќи од претпоставката дека различното толкување на историјата е пречка, беа истражувани перцепциите за одредени видни личности. Видните личности кои големо мнозинство граѓани ги перципира за македонски се: Александар Македонски (72,1 %), Св. Кирил и Методиј (83,3 %), Св. Климент (87,1 %), Гоце Делчев (88 %), Јане Сандански (81,6 %),

Блаже Конески (86,1 %) и Методија Андонов-Ченто (78,4 %). За бугарски се перципираат: кан Аспарух (39,2 %, не знаат 43,5%), Цар Борис III (58,2 %), Георги Димитров (44,5 %). Поделени ставови има за Тодор Александров кого 36,2 % го сметаат за бугарски, 33,1 % за македонски и 11,6 % за заеднички. Скендербег го сметаат ниту на едните, ниту на другите 66,3 % од граѓаните. Само две личности се перципирани како заеднички од околу 10 % граѓани: Цар Самоил и Тодор Александров.

**Табела 3.5. Перцепции за посебни и заеднички личности за Бугарија и Македонија (%)**

| | Бугарски | Македонски | Заеднички | Ниту на едните ниту на другите | За целиот свет | Не знам/ без одговор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Александар Македонски** | 1,7 | 72,1 | 3,9 | 4,2 | 14,0 | 4,1 |
| **кан Аспарух** | 39,2 | 4,1 | 3,3 | 7,1 | 2,8 | 43,5 |
| **Св. Кирил и Методиј** | 1,1 | 83,3 | 6,3 | 0,5 | 4,8 | 4,0 |
| **Св. Климент** | 1,7 | 87,1 | 3,6 | 0,6 | 1,9 | 5,1 |
| **Цар Самоил** | 8,9 | 66,3 | 9,4 | 3,6 | 2,2 | 9,6 |
| **Скендербег** | 1,0 | 12,8 | 4,2 | 66,3 | 5,8 | 9,9 |
| **Гоце Делчев** | 1,1 | 88,0 | 4,7 | 0,6 | 1,0 | 4,6 |
| **Јане Сандански** | 3,0 | 81,6 | 7,5 | 0,2 | 0,2 | 7,5 |
| **Тодор Александров** | 36,2 | 33,1 | 11,6 | 1,4 | 0,5 | 17,2 |
| **Цар Борис III** | 58,2 | 11,0 | 5,3 | 2,1 | 0,5 | 22,9 |
| **Георги Димитров** | 44,5 | 24,0 | 7,3 | 1,7 | 0,3 | 22,2 |
| **Блаже Конески** | 2,6 | 86,1 | 2,2 | 0,1 | 0,2 | 8,8 |
| **Методија Андонов Ченто** | 4,5 | 78,4 | 4,9 | 0,6 | 0,4 | 11,2 |

Од друга страна, јавните и информирани личности ги сметаат за заеднички: Св. Кирил и Методиј (73 %), Цар Самоил (47 %) и Тодор Александров (53 %). Според јавните и информирани личности, Александар Македонски припаѓа на целиот свет (60 %).

**Табела 3.5.а. Личности посебни за Бугарија и Македонија, а кои сметате дека се заеднички за двете земји - Јавни и информирани личности ЈИЛ (%)**

| | Бугарски | Македонски | Заеднички | Ниту на едните ниту на другите | За целиот свет | Не знам/ без одговор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Александар Македонски** | 0 | 20 | 0 | 20 | 60 | 0 |
| **кан Аспарух** | 87 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| **Св. Кирил и Методиј** | 0 | 11 | 73 | 7 | 13 | 0 |
| **Св. Климент** | 0 | 67 | 27 | 0 | 7 | 0 |
| **Цар Самоил** | 13 | 27 | 47 | 0 | 7 | 7 |
| **Скендербег** | 0 | 20 | 0 | 60 | 20 | 0 |
| **Гоце Делчев** | 0 | 60 | 33 | 0 | 7 | 0 |
| **Јане Сандански** | 0 | 67 | 33 | 0 | 0 | 0 |
| **Тодор Александров** | 20 | 20 | 53 | 0 | 0 | 7 |
| **Цар Борис III** | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| **Георги Димитров** | 80 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 |
| **Блаже Конески** | 7 | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Методија Андонов Ченто** | 0 | 93 | 7 | 0 | 0 | 0 |

Во табелата 3.6. се презентирани ставовите на граѓаните кои одговориле дека личностите се македонски според етничка припадност и партиско симпатизерство. Најмакедонски за етничките Македонци (со над 90 % граѓани се: Св. Климент, Гоце Делчев, Јане Сандански, Блаже Конески и Методија Андонов Ченто. Во ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци не постојат разлики во насоката, со тоа што кај етничките Албанци има почести одговори не знам/ без одговор.

Нема позначајни разлики меѓу партиските симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, со исклучок на Тодор Александров кој за македонски го сметаат 53 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и 32,5 % од симпатизерите на СДСМ.

**Табела 3.6. Личности кои се македонски (%) според етничка припадност и партиско симпатизерство**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Александар Македонски** | 77,9 | 57,8 | 80,0 | 72,0 | 72,1 |
| **кан Аспарух** | 3,0 | 7,4 | 2,2 | 3,2 | 4,1 |
| **Св. Кирил и Методиј** | 87,5 | 74,2 | 87,4 | 81,5 | 83,3 |
| **Св. Климент** | 95,4 | 68,8 | 93,5 | 91,7 | 87,1 |
| **Цар Самоил** | 79,1 | 33,6 | 77,4 | 70,7 | 66,3 |
| **Скендербег** | 15,7 | 5,1 | 15,7 | 10,8 | 12,8 |
| **Гоце Делчев** | 95,8 | 70,3 | 96,1 | 91,7 | 88,0 |
| **Јане Сандански** | 93,3 | 54,3 | 92,6 | 89,2 | 81,6 |
| **Тодор Александров** | 40,9 | 15,6 | 53,0 | 32,5 | 33,1 |
| **Цар Борис III** | 10,7 | 10,9 | 12,6 | 8,3 | 11,0 |
| **Георги Димитров** | 27,6 | 16,8 | 30,9 | 21,0 | 24,0 |
| **Блаже Конески** | 97,8 | 57,0 | 97,4 | 95,5 | 86,1 |
| **Методија Андонов Ченто** | 91,5 | 45,3 | 90,0 | 89,2 | 78,4 |

Прашање кое се споменува во медиумските извештаи за договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија, покрај толкувањето на историјата, е прашањето на националните малцинства. Големо мнозинство (74,7 %) граѓани поддржува реципрочно решавање на прашањето за малцинствата, додека ставот Македонија да се откаже од малцинството во Бугарија го поддржува 4,2 % од граѓаните.

**Графикон 3.5. Работи кои треба да се направат за да се постигне договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија**



**Табела 3.7. Работи кои треба да се направат за да се постигне договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реципрочно решавање на прашање за малцинства** | 76,3 | 69,1 | 78,7 | 79,6 | 74,7 | 53 |
| **Бугарија да се откаже од малцинството во Македонија** | 6,6 | 5,9 | 7,0 | 5,7 | 5,9 | 0 |
| **Македонија да се откаже од малцинството во Бугарија** | 1,3 | 12,9 | 0,4 | 3,2 | 4,2 | 7 |
| **Не знам** | 13,6 | 6,3 | 12,6 | 10,2 | 11,8 | 27 |
| **Без одговор** | 2,2 | 5,9 | 1,3 | 1,3 | 3,4 | 13 |

За големо мнозинство граѓани (85,4 %) е важно да се постигне договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија и за тоа не постојат разлики по етничка припадност и партиско симпатизерство.

**Табела 3.8. Важност на постигнување договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Многу важно** | 38,5 | 48,4 | 42,2 | 33,8 | 40,7 | 60 |
| **Важно** | 48,1 | 34,0 | 50,0 | 52,9 | 44,7 | 0 |
| **Не толку важно** | 8,1 | 8,2 | 7,4 | 8,3 | 8,0 | 27 |
| **Воопшто не е важно** | 2,8 | 5,1 | 0,4 | 3,2 | 3,3 | 0 |
| **Не знам/ без одговор** | 2,5 | 4,3 | 0,0 | 1,9 | 3,3 | 14 |

Граѓаните на Македонија, без разлика на етничка припадност и партиско симпатизерство, лично сакаат Македонија и Бугарија брзо да постигнат договор за добрососедство, односно 65,2 % граѓани сакаат договор до крајот на годината (2013 г.) или за една година. Никогаш не би сакале договор незначително малцинство (5,3 %).

**Табела 3.9. Посакуван рок за постигнување договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија (%)**

| Одговор | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **До крајот на годината** | 30,4 | 32,4 | 31,3 | 30,6 | 31,7 | 40 |
| **За 1 година** | 36,6 | 29,7 | 43,5 | 29,3 | 33,5 | 33 |
| **2-5 години** | 16,6 | 21,1 | 16,1 | 17,8 | 17,5 | 7 |
| **6-10 години** | 2,2 | 3,5 | 3,5 | 3,8 | 2,9 | 0 |
| **Никогаш** | 5,5 | 5,9 | 1,7 | 6,4 | 5,3 | 0 |
| **Не знам** | 7,5 | 6,6 | 3,9 | 10,2 | 7,9 | 13 |
| **Без одговор** | 1,2 | 0,8 | 0,0 | 1,9 | 1,2 | 7 |

И доколку мнозинство од граѓаните лично сакаат брз договор (за една година) за добрососедство меѓу Македдонија и Бугарија, мала малцинство (27,5%) смета дека ќе се постигне брз договор, додека секој трет граѓанин (31,5%) смета дека ќе се постигне договор за две до пет години.

**Графикон 3.6. Посакуван и очекуван рок за постигнување договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија (%)**




**Табела 3.10. Очекуван рок за постигнување договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **До крајот на годината** | 9,1 | 1,2 | 7,8 | 7,0 | 7,2 | 13 |
| **За 1 година** | 21,6 | 19,1 | 30,0 | 19,1 | 20,3 | 13 |
| **2-5 години** | 28,1 | 42,6 | 30,0 | 26,8 | 31,5 | 40 |
| **6-10 години** | 14,2 | 17,2 | 17,4 | 12,7 | 15,4 | 7 |
| **Никогаш** | 13,4 | 8,6 | 7,4 | 14,0 | 11,9 | 7 |
| **Не знам** | 12,8 | 10,2 | 7,4 | 19,1 | 12,6 | 20 |
| **Без одговор** | 0,7 | 1,2 | 0,0 | 1,3 | 1,1 | 0 |

Големо мнозинство од граѓаните на Македонија (87,5%) очекуваат Бугарија да ја поддржи Македонија во натамошните интеграции во ЕУ.

**Графикон 3.7. Очекување на поддршка од Бугарија за Македонија во интеграциите во ЕУ**



**Табела 3.11. Очекување на поддршка од Бугарија за Македонија во интеграциите во ЕУ (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосна поддршка** | 70,1 | 49,6 | 69,6 | 72,0 | 64,3 | 100 |
| **Одредена поддршка** | 19,0 | 34,0 | 21,7 | 16,6 | 23,2 | 0 |
| **Делумно да ја поддржи** | 5,7 | 6,3 | 6,5 | 4,5 | 5,6 | 0 |
| **Воопшто да не ја поддржи** | 0,4 | 3,5 | 0,0 | 0,6 | 1,2 | 0 |
| **Не знам** | 3,4 | 5,1 | 1,3 | 3,8 | 4,2 | 0 |
| **Без одговор** | 1,3 | 1,6 | 0,9 | 2,5 | 1,5 | 0 |

**Рамка 3. Јавното мнение во Бугарија, АФИС, ноември 2013 година – втор дел**
Во истражувањето на јавното мнение во Бугарија, спроведено од АФИС во ноември 2013 година, 44,3 % од граѓаните на Бугарија сметаат дека Бугарија треба да укаже максимална поткрепа за прием на Македонија во ЕУ, 27,2 % дека не треба, а 28,5 % дека не можат да проценат. Од друга страна 61,3 % од граѓаните на Бугарија сметаат дека спорните прашања треба да се решат пред почетокот на преговорите, а 55,7 % дека треба да се склучи договор за добрососедство пред почетокот на преговорите.

# Заклучоци

## 1. Историјата и нејзиното толкување - најголема пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија

Граѓаните како пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија ја перципираат и историјата и различното толкувањето на историјата, потоа и националните политичари поради нивни теснопартиски интереси. За јавните и информирани личности, покрај толкувањето на историјата и националните политичари, пречка е и лошата инфраструктурна поврзаност. За етничките Албанци од значење се и културните разлики.

Во истражувањата на јавното мнение во Бугарија, најголеми спорови меѓу Бугарија и Македонија се тие за историското наследство и граѓаните сметаат дека нема доволни средби на раководствата на двете земји.

## 2. Важно е да се подобрат односите со Бугарија, а за тоа се потребни повеќе работи

За големо мнозинство граѓани (87,8 %) е важно да се подобрат односите/ соработката меѓу Македонија и Бугарија. За да се подобрат односите меѓу Македонија и Бугарија граѓаните сметаат дека е потребна соработка во културата, забавата и спортот (32,8 %), подобрување на инфраструктурата и граничните премини (18,5 %) и пристап до медиумите на двете држави (12,4 %), заеднички учебници по историја (10,6 %), прослава на заеднички настани и херои (6,5 %), додека скоро секој петти граѓанин (19,2 %) не знае или е без одговор.

За јавните и информирани личности (ЈИЛ) две најважни работи се подобрување на инфраструктурата и пристап до медиумите на двете држави (од едната држава во другата).

Заеднички учебници за историја и прослава на заеднички настани и херои е поприфатливо за етничките Албанци отколку за етничките Македонци. Овие две мерки се прифатливи за еден од три етнички Албанци и за еден од десет етнички Македонци.

## 3. Ниска перцепција за заеднички историски личности

Граѓаните ги сметаат како македонски повеќето личности за кои Бугарија исто така смета дека се дел од сопственото историско наследство како Св. Кирил и Методиј, Св. Климент, Гоце Делчев, Јане Сандански итн. Повисока перцепција на заеднички личности имаат јавните и информорани личности, кои ги сметаат за заеднички: Св. Кирил и Методиј, Цар Самоил и Тодор Александров.

### 4. Реципроцитет за прашањето на малцинствата

Прашањето на националните малцинства е прашање кое се споменува во медиумските извештаи за договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија. Големо мнозинство (74,7 %) граѓани поддржува реципрочно решавање на прашањето за малцинствата, додека ставот Македонија да се откаже од малцинството во Бугарија го поддржува незначително малцинство (4,2 %).

### 5. Постигнувањето на договор за добрососедство е од голема важност, посакуван брзо да се постигне, а очекуван на среден рок

За големо мнозинство граѓани (85,4 %) е важно да се постигне договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија.

Граѓаните на Македонија (65,2 %), без разлика на етничка припадност и партиско симпатизерство, лично сакаат Македонија и Бугарија брзо да постигнат договор за добрососедство.

И доколку мнозинство од граѓаните лично сакаат брз договор (за една година) за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија, мало малцинство (27,5 %) смета дека ќе се постигне брз договор, додека секој трет граѓанин (31,5 %) смета дека ќе се постигне договор за две до пет години.

### 6. Големи очекувања за поддршка од Бугарија за интеграциите во ЕУ

Големо мнозинство од граѓаните на Македонија (87,5 %) очекуваат Бугарија да ја поддржи Македонија во натамошните интеграции во ЕУ.

# Прилог 1. Структура на примерокот - население

Примерокот за теренската анкета опфати 1.000 испитаници. Популацискaта рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативноста беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 48,9 |
| Жена | 51,1 |
| **Возраст** | |
| Од 18 до 29 години | 31,6 |
| Од 30 до 39 години | 18,4 |
| Од 40 до 49 години | 16,7 |
| Од 50 до 65 години | 22,5 |
| Над 65 години | 10,8 |
| **Етничка припадност** | |
| Македонска | 67,0 |
| Албанска | 25,6 |
| Турска | 2,8 |
| Ромска | 2,0 |
| Српска | 1,2 |
| Влашка | 0,5 |
| Бошњачка | 0,2 |
| Друго | 0,7 |
| **Образование** | |
| Основно или помалку | 18,2 |
| Средно | 50,3 |
| Вишо/ високо | 31,5 |
| **Место на живеење** | |
| Рурално | 40,0 |
| Урбано | 60,0 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен со полно работно време | 37,9 |
| Вработен со скратено работно време | 5,4 |
| Невработен / технолошки вишок | 18,7 |
| Домаќинка | 9,7 |
| Студент / ученик | 12,1 |
| Пензионер | 15,5 |
| Друго | 0,7 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | |
| Можам да купам сѐ што сакам | 6,1 |
| Можам да купам нешто повеќе од неопходното | 27,7 |
| Можам да го купам само неопходното | 50,2 |
| Не можам да го купам дури ни неопходното | 13,8 |
| Не знае / одбива да одговори | 2,2 |
| **Регион** | |
| Скопски | 29,0 |
| Југоисточен | 9,0 |
| Источен | 9,0 |
| Североисточен | 9,0 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 16,0 |
| Пелагониски | 11,0 |

# Прилог 2. Структура на примерокот – јавни и информирани личности

| Етн. припадност | % |
|---|---|
| Македонска | 60 |
| Албанска | 20 |
| Српска | 7 |
| Друга | 13 |

| Професионален статус | |
|---|---|
| Државна админстрација | 27 |
| Политичар | 13 |
| Непартиска јавна личност | 27 |
| Граѓанска организација | 27 |
| Друго | 7 |

# Профили на издавачите

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 50 милиони евра.

ИДСЦС е граѓанска организација основана во 1999 година од група на интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. Долгорочните цели на Институтот се да работи на балансиран социо-економски развој, активна граѓанска вклученост и партиципативна политичка култура, како и остварување на либералните вредности во македонското општеството. Својата работа ИДСЦС првенствено ја заснова на социометриски истражувања и проектни активности. Веруваме дека човековиот капитал е главен предуслов за позитивна општествена промена и затоа посветено работиме на проекти за подобрување на капацитетите, преку трансфер на знаење и вештини.

# Белешка за авторот



**Сашо Клековски** е роден во 1966 г. во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. Во 1993 г. е еден од основачите, а од 1994 до 2011 г. е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Предавач е на Универзитетот Американ колеџ Скопје. Водел повеќе истражувачки тимови. Автор е на над 20 истражувачки извештаи, анализи и други публикации, како и на блогот „Меѓутоа“. Тој е и колумнист за дневниот весник Нова Македонија.

# Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС**

http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на публикации на ИДСЦС**

http://idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=205&Itemid=93&lang=mk

**Како да се референцира**

Клековски, С. (2013) **Глобално водство, соседство и односи со Бугарија** [интернет]. Скопје, МЦМС и ИДСЦС. Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2013/globalno-vodstvo-2013.pdf> [Посетена на: датум и година].